**ИЗВЕШТАЈ ОД КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНОСТА**

**ПО**

**НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА**

**НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**ЗА**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1 СО НАМЕНА А4.3 – СЕМЕЈНИ КУЌИ ЗА ВРЕМЕН ПРЕСТОЈ – ВИКЕНД КУЌИ НА КП 144/1, КО ВАПИЛА, ОПШТИНА ОХРИД**

Охрид, февруари 2025 г.

## Податоци за проектот

| | |
|---|---|
| **Име на плански документ:** | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид** |
| **Документ:** | **Извештај од консултации со јавност по нацрт-извештај за стратегиска оцена за влијание врз животната средина (СОВЖС) за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид** |
| **Изработувач на плански документ:** | Александра Каракашова-Сачкарска – експерт за стратегиска оцена на животната средина |
| **Подготвувач и потписник на Извештајот од консулатации со јавност:** | **Општина Охрид**<br>Сектор за заштита на животната средина и управување со отпад<br><br>Јасминка Т. Момироска, раководител на одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата |

# Содржина

ВОВЕД.......... 4
КОНСУЛТАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ .......... 4
КОНСУЛТАЦИЈА СО ПОШИРОКА ЈАВНОСТ.......... 5
ЈАВНА РАСПРАВА .......... 5
ЗАКЛУЧОК.......... 5
Прилог 1. Објава на јавно известување.......... 6
Прилог 2. Записник од јавна расправа со листа на присутни и фотографии....... 9

# ВОВЕД

Врз основа на Барање на физичко лице – Маргарита Г. Шурбан, поднесено до Општина Охрид во времетраење на јавен повик за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, 44/15,193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18)), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и АУП и содржина, форма и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ, бр. 142/15); како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), беше пристапено кон изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП бр. 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, Општина Охрид.

Следејќи ги одредбите од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Службен весник на РСМ", бр. 89/22 и 171/22), Општина Охрид спроведе постапка за СОЖС, во рамките на која се изработи нацрт - извештај за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Планот.

Нацрт - извештајот за стратегиска оцена на животната средина беше достапен за увид на јавноста 30 дена во периодот од 15.01.2025 година до 14.02.2025 година.

Во согласност со предвидениот законски рок за одржување на јавна расправа, Општина Охрид организираше јавна расправа за нацрт - извештајот за стратегиска оцена на животната средина на 07.02. 2025 г. Засегнатата јавност преку објава во дневен печат како и преку веб страницата од општината беше информирана за местото и времето за одржување на јавната расправа.

Од страна на Општина Охрид беа поканети институции, невладини организации, заинтересирани граѓани, кои имаат интерес да се вклучат во процесот на донесување одлуки, преку свои коментари и мислења.

# КОНСУЛТАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ

Општина Охрид во врска со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид, изготви Одлука за спроведување на стратегиска оцена (бр. 21-17802/1 од 28.11.2023 година). Одлуката заедно со Барање за мислење (арх. бр. 15-6820/1 од 01.12.2023 г.) беше доставена до Министерство за животна средина и просторно планирање. Од страна на МЖСПП беше доставено Мислење (арх. бр. 15-6820/2 од 12.12.2023 г.) со кое се прифаќа Одлуката на Општина Охрид за спроведување на постапка за стратегиска оцена на влијанието на животната средина од урбанистичкиот план.

Нацрт - извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид, беше испратен до МЖСПП (арх. бр. 21-357/1 од 15.01. 2025 г.) и од таму се доби позитивно мислење за нацрт- извештајот. (арх. бр. 15-218/2 од 14.02. 2025 г.)

# КОНСУЛТАЦИЈА СО ПОШИРОКА ЈАВНОСТ

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид, беше достапен на увид за пошироката јавност во просториите на Општина Охрид како и на веб страницата на општината во периодот од 15.01.2025 година до 14.02.2025 година (30 дена). Во овој период не се доставени забелешки по однос на нацрт - извештајот.

# ЈАВНА РАСПРАВА

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарантност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки во однос на нацрт - извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид, на ден 07.02.2025 година, во просториите на Општина Охрид со почеток во 12.00 часот се одржа јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид

Целта на јавната расправа беше да се презентира содржината на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Содржината на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид, беше презентирана од страна на Александра Каракашова-Сачкарска – експерт за стратегиска оцена на животната средина.

По завршување на презентацијата беше отворена дискусија.На јавната расправа немаше коментари и прашања од страна на присутните.

Во врска со јавната расправа е изготвен Записник од10.02.2025 година).

# ЗАКЛУЧОК

По однос на одржаната јавна расправа како и периодот за увид по нацрт - извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела 1 со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 144/1, КО Вапила, општина Охрид, не беа доставени никакви забелешки, мислења и прашања од страна на засегната јавност и врз основа на тоа може да се заклучи дека истите се согласуваат со содржината на Нацрт Извештајот.

## Прилог 1. Објава на јавно известување - Соопштение од Општина Охрид за јавна расправа за Извештајот за СОВЖС

ОПШТИНА ОХРИД

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 , 99/18,89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

О Р Г А Н И З И Р А

1. Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена А4.3-семејни куќи за времен престој-викенд куќи на КП 144/1 КО Вапила Општина Охрид.
Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена А4.3-семејни куќи за времен престој-викенд куќи на КП 144/1 КО Вапила Општина Охрид.

2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 - 15:30 часот почнувајќи од 15.01.2025 год. до 14.02.2025 год.

3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 07.02.2025г. во малата сала на Општина Охрид,со почеток во 12 часот.

4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставаат своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација
Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Кирил Пецаков

## Прилог 1. Објава на јавно известување на веб страница од Општина Охрид за одржување на јавна расправа

1/15/25, 1:19 PM ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ...



**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1 СО НАМЕНА А4.3-СЕМЕЈНИ КУЌИ ЗА ВРЕМЕН ПРЕСТОЈ-ВИКЕНД КУЌИ НА КП 144/1 КО ВАПИЛА ОПШТИНА ОХРИД**

јануари 15, 2025 | 0

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 , 99/18, 89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

**ОРГАНИЗИРА**

1. Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена А4.3-семејни куќи за времен престој-викенд куќи на КП 144/1 КО Вапила Општина Охрид.

Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена А4.3-семејни куќи за времен престој-викенд куќи на КП 144/1 КО Вапила Општина Охрид.

2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 – 15:30 часот почнувајќи од 15.01.2025 год. до 14.02.2025 год.

3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 07.02.2025г. во малата сала на Општина Охрид,со почеток во 12 часот.

4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставaт своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1 СО НАМЕНА А4.3-СЕМЕЈНИ КУЌИ ЗА ВРЕМЕН ПРЕСТОЈ-ВИКЕНД КУЌИ НА КП 144/1 КО ВАПИЛА ОПШТИНА ОХРИД



Општина Охрид користи колачиња за да ја персонализира содржината со што ќе го олесни користењето на нашата страница. Информациите се споделуваат и со трети страни за рекламирање и аналитика.

Се согласувам

https://ohrid.gov.mk/јавна-презентација-и-јавна-расправа-п-13/ 2/10

## Прилог 2. Записник од јавна расправа со листа на присутни и фотографии од јавната расправа